РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2329/1
17-03-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63-тата седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-4052/1 од 26.11.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, пријавата не содржи наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-4052/1 од 26.11.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 26.11.2020 година, доставена е пријава против општина ------------- со наводи дека не постапуваат по барање доставено од негова страна. Од општина ---------------- се бара да се одговори во однос на одземање на земјиште на КП 4574. Во прилог е доставена коресподенција со општината и одговор дека не е јасно во какво својство барателот поднесува претставка до општината.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека поднесената пријава не содржи елементи наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а постапката пред општината сеуште е активна поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш
Одобрил: К.Н

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**